**ПРОЕКТНА ЗАДАЧА (ToR) 0804-03/2017**

# АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СИГМА ПРИНЦИПИТЕ НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА И МЕНТОРИРАЊЕ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

## 1 ВОВЕД

Проектот „Следење на принципите на јавната администрација во зачувување на вредности на добро управување“ е финансиран од Делегација на Европска Унија во Р. Македонија, во рамките на ИПА програмата ,,Структура за поддршка на граѓанското општество и  Медиуми 2015, приоритет 2: ,,Поддршка на граѓанското општество во надзор и мониторинг на јавните институции“.

**Општата цел на проектот** е да се зголеми влијанието на граѓанските организации за имплементација на принципите за јавна администрација од страна на единиците на локалната самоуправа, како предуслов за транспарентно, ефективно и демократско управување.

**Резултати на проектот:**

Р.1. Прилагодени СИГМА принципи на јавната администрација и индикатори за следење на добро управување (на локално ниво);

Р.2. Локалните граѓански организации се компетентни во областа за добро управување и следење на СИГМА стандардите за јавна администрација на национално и на локално ниво, способни да учествуваат во дијалог за креирање и следење на јавните политики;

Р.3. Изработени мониторинг извештаи за имплементација на утврдените СИГМА принципи на јавна администрација, врз основа на темелно истражување базирано на докази;

Р.4. Граѓанските организации се оспособени да комуницираат, да соработуваат и да застапуваат/влијаат на донесувачите на одлуки за да го адресираат идентификуваниот јаз во воведувањето на моделот за добро управување од страна на единиците на локална самоуправа, придонесувајќи кон потранспарентна, поодговорна и сервисно-ориентирана јавна администрација.

**Целни групи на проектот:** Граѓански организации и единици на локална самоуправа во 7 урбани центри/региони во Р. Македонија (Битола, Струмица, Штип, Куманово, Велес, Тетово, Струга).

Проектот го спроведува Центарот за управување со промени **(ЦУП)**, Асоцијација за менаџмент консалтинг **МКА-2000** и Центарот за истражувачко новинарство **СКУП Македонија.**

**Центарот за управување со промени (ЦУП)** е непрофитна, невладина организација лоцирана во Скопје, Македонија, која работи и имплементира проекти кои имаат за цел да придонесат за развој на македонското општество и регионот. ЦУП промовира разбирање и ненасилни промени и се фокусира на меки мерки и политики кои им помагаат на различни ентитети да ги прифатат општествените промени како нормални ситуации и да ги претворат во позитивни резултати. Организацијата верува дека зајакнувањето на капацитетите на јавната администрација, граѓанскиот сектор, бизнис заедницата, евро - интеграцијата и инвестирањето во луѓето се главни агенти за позитивна промена. ЦУП има неколку години работно искуство со различни државни институции во Македонија и широка соработка со граѓанскиот и бизнис секторот дома и во странство.

**Асоцијацијата за менаџмент консалтинг (МКА-2000)** е водечка организација која ги здружува менаџмент консултантите и работи на евалуација на јавните политики користејќи различни алатки за да го поддржи дијалогот за политики базирано на докази.

**Центарот за истражувачко новинарство СКУП Македонија** е организација којашто го поддржува и стимулира истражувачкото новинарство во јавната администрација. СКУП им дава поддршка на новинарите во секојдневната работа, им помага финансиски или професионално во промовирањето на истражувачкото новинарство во земјата и регионот, но и на светско ниво.

## 2 РАМКА НА ЗАДАЧАТА

### 2.1 Цел на мисијата/задачата

Целта на експертската задача е да се изработат стандарди за следење на практиките за добро управување во единиците на локална самоуправа во Република Македонија (ЕЛС), прилагодувајќи ги постоечките СИГМА принципи на јавна администрација[1], како и градење на капацитетите и поддршка на граѓанските организации (ГО) за користење на овие нови стандарди и следење на ЕЛС според утврдените стандарди за следење.

[1] Принципите на јавната администрација се изработени од страна на ОЕЦД/СИГМА во соработка со Европската Комисија за да дефинираат одредници за добро управување во јавните администрации (на централно ниво) http://sigmaweb.org/publications/Principles-Public-Administration-Nov2014.pdf

Во рамките на оваа експертска задача ќе бидат ангажирани двајца експерти, кои треба тесно да соработуваат како експертски тим.

### 2.2 Активности на мисијата

Од експертите се очекува:

**а) Прилагодување на СИГМА принципите на јавна администрација на локално ниво.** Оваа активност подразбира анализа на клучните барања, принципи, квалитативни и квантитативни индикатори како што е одредено според СИГМА принципите на јавна администрација и развивање на нови/прилагодени стандарди кои што се применливи за единиците на локална самоуправа. Овие нови стандарди за добро управување ќе ја постават основната/водечка рамка за мониторинг и евалуација на јавни политики на локално ниво, во насока на моделот на добро управување. За оваа активност потребно е да се користат и наодите од спроведена основна проценка во рамките на проектните активности[2].

**б) Развивање на мониторинг индикатори за воспоставените СИГМА принципи на јавна администрација на локално ниво.** Оваа активност подразбира поставување на индикатори, квалитативни и квантитативни, за мерење на прогресот во достигнување на стандардите за добро управување согласно изработените нови стандарди за добро управување. Мониторинг рамката со мониторинг индикаторите треба да вклучува и детални упатства за како да се добијат и пресметаат вредностите за секој од индикаторите, вклучувајќи насоки за изработка на извештаи.

**в) Менторирање на локални ГО за следење и евалуација во согласност со стандардите за добро управување**. Проектот предвидува следење и евалуација на ЕЛС од страна на локалните граѓанските организации согласно утврдените стандарди за добро управување. Според тоа, задачата на експертите е преку дводневни менторски работилници во сите 7 урбани центри да ги обучат и подготват претставниците на локалните граѓански организации за изработените стандарди за добро управување, а особено за изработената мониторинг рамка и дефинираните индикатори според која ќе биде реализирано следењето. На работилницата треба да се опфатат и сесии на кои низ практична работа учесниците ќе може да симулираат следење и пополнување на мониторинг рамката и задавање вредности на индикаторите, со оглед на тоа дека крајната цел на работилниците е учесниците целосно да се подготват за следење на ЕЛС според изработените стандарди и насоки.

Вкупно ќе бидат организирани 7 дводневни менторски работилници, по 10 учесници на секоја од работилниците.

[2] Спроведувањето на основна проценка е предмет на друга експертска задача.

Експертите треба да овозможат и поддршка на граѓанските организации во однос на давање насоки како да го спроведат во пракса мониторирањето според утврдените стандарди.

**г) Модерирање на регионални јавни дебати**

Регионални јавни дебати ќе бидат организирани во секој од регион, со цел да се подигне свеста на поширокатa јавност за резултатите од следењето на ЕЛС. Учесници ќе бидат претставниците на ГО кои биле претходно ангажирани во процесот на мониторинг, други граѓански организации, претставници од ЕЛС, проектниот тим и други засегнати страни. Фокусот ќе се стави на заклучоците од изработените мониторинг извештаи на граѓанските организации за принципите на добро управување и идентификуваниот јаз во постигнување на стандардите за добро управување.

Задачата на експертите е да ги модерираат регионалните дебати, вклучувајќи презентирање на целите на проектните активности, поддршка на граѓанските организации во презентирање на наодите од следењето и предлагање на области за подобрување, како и учество во дискусија на дебатите.

Вкупно ќе бидат организирани 7 регионални дебати, со планирани по 30 учесници на секоја од дебатите.

### 2.3 Временски период за услугата

Временската рамка за реализација на оваа експертска задача, вбројувајќи ги сите активности, е од мај 2017 година до септември 2018 година. Финалниот извештај за експертската услуга треба да се поднесе до крајот на септември 2018 година.[3]

## 3 ОРГАНИЗАЦИЈА

### 3.1 Специфични квалификации

Ангажираните експерти треба да ги исполнуваат минимум следните квалификации:

- завршено високо образование, (магистерски студии од областа ќе се сметаат за предност);
- минимум седум години работно искуство;
- практично работно искуство во слични експертски мисии, а особено со СИГМА принципите за јавната администрација, ќе се смета за предност.

### 3.2 Временска рамка по експерт

---

[3] Временската рамка може да се измени во одредени случаи по барање на проектниот тим.

Во продолжение е временската рамка за реализација на експертската услуга по ангажиран експерт.

| **Активност** | **Вкупно денови** | **Реализација** |
|---|---|---|
| Прилагодување на СИГМА принципите на јавна администрација на локално ниво и развивање на мониторинг индикатори за воспоставените СИГМА принципи на јавна администрација на локално ниво | 10 | мај - јуни 2017 |
| Менторирање на локални ГО за следење и евалуација во согласност со стандардите за добро управување | 14 | јуни - септември 2017 |
| Модерирање на регионални јавни дебати | 8 | јуни - септември 2018 |
| **ВКУПНО (макс.)** | **32** | |

Вкупните предвидени експертски денови за двата експерти во рамките на оваа експертска задача е 64 дена.

### 3.3 Логистика

За спроведување на активностите, во текот на целата мисија од страна на проектниот тим на ЦУП, СКУП Македонија и МКА-2000 ќе биде обезбедена следнава поддршка:

- Проектен координатор - ЦУП;
- Офицер за регрантирање - ЦУП;
- Асистент на проект - МКА-2000;
- Офицер за односи со јавност - СКУП Македонија.

### 3.4 Начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на планираните активности во следната динамика:

- Прва рата – по завршување на активностите за прилагодување на СИГМА принципите на јавна администрација на локално ниво и развивање на мониторинг индикатори за воспоставените СИГМА принципи на јавна администрација на локално ниво;
- Втора рата – по спроведеното менторирање на локални ГО за следење и евалуација во согласност со стандардите за добро управување;
- Трета рата – по организираните регионални јавни дебати и усвојувањето на

финалниот извештај од страна на проектниот тим.

## 3.5 Библиографија и документација

Во функција на успешно извршување на задачата на експертите ќе им биде доставена на располагање сета потребна документација со која располагаат ЦУП, СКУП Македонија и МКА-2000.